**НИКОЛОВА**
**Сара**

**УДК:** 364.63-027.553-055.2(497.7)
364.63-027.553-055.2:[616.98:578.834-036.21(497.7)

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт:** Семејното насилство и неговото научно дефинирање и конкретизирање почнуваат да го привлекуваат вниманието на теоретичарите релативно доцна во споредба со неговата присутност која ја бележиме уште од најрани времиња. Државите во своите закони и други акти, па и самите меѓународни организации во своите документи започнуваат со дефинирање на овој поим во последните 4 декади што доволно зборува за неактуелноста и несфаќањето на самото насилство во семејството како голем општествен проблем. Во согласност со претходното и насилството кое се врши врз жените во нашето општество во најголем број од случаите останува непрепознаено од останатите индивидуи и релевантни институции и се карактеризира со енормно висока темна бројка.

**Клучни зборови:** *насилство, видови, етиологија, сторители.*

**NIKOLOVA Sara**

**UDK**: 364.63-027.553-055.2(497.7)
364.63-027.553-055.2:[616.98:578.834-036.21(497.7)

# CHARACTERISTICS OF DOMESTIC VIOLENCE AGAINST WOMEN IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

**Abstract:** Domestic violence and its scientific definition and concretization begin to attract the attention of theorists relatively late compared to its presence, which we have noted since the earliest times. The states in their laws and other acts and the international organizations themselves in their documents have started defining this term in the last 4 decades, which speaks volumes about the irrelevance and lack of understanding of violence in the family as a major social problem. In accordance with the previous, the violence that is perpetrated against women in our society in most of the cases remains unrecognized by other individuals and relevant institutions and is characterized by an enormously high dark figure.

**Key words:** *violence, species, etiology, perpetrators*

## ВОВЕД

Семејното насилство претставува чин на насилство кое го извршува одреден член на семејството. Во најголемиот број од случаите како сторител се јавува мажот, а жртвата најчесто е сопругата на сторителот која трпи сексуално, физичко или психичко насилство.

Неспорно е дека жените се најчести жртви на семејно насилство, не само во нашата земја туку и пошироко. Како вршители на овој тип на насилство многу често се јавуваат нивните сопрузи, свршеници и момчиња. Меѓутоа, битно да се напомене е дека не секогаш се работи за физичко насилство врз жената. Сè позастапени се случаите каде што жените се изложени на психичко и вербално насилство. Посебно загрижувачки е фактот дека насилството најчесто е вршено од страна на нивните партнери, и истото во голем број случаи е непријавено, па така се смета дека бројот на жени кои се жртви на семејно насилство е многу поголем од она што покажуваат статистиките односно алудирам на многу висока темна бројка на овој криминалитет.

Според изјавата на поранешниот Генерален секретар на ООН Кофи Анан, на светската видеоконференција „Свет без насилство над жените" од 8 Март 1999 година: „Насилството над жената можеби е најсрамното прекршување на човековите права. И тоа е можеби најраспространето. Не познава граници во однос на географската положба, култура или богатството. Сè додека продолжува, ние не можеме да кажеме дека е направен вистински напредок во правец на еднаквост, развој и мир".

## 1. Поим на семејното насилство

Семејното насилство можеме да го објаснуваме првично преку постоењето на потесни и пошироки дефиниции.

Пошироката дефиниција семејното насилство го дефинира како секој акт кој е штетен за жртвата. Оваа дефиниција би ги опфаќала во себе физичките напади, психолошката и емоционалната злоупотреба, сексуалниот напад, самите закани за физички и сексуален напад и било кое друго несовесно однесување.

[1]Според потесната дефиниција семејното насилство би се изразувало само преку физичките напади.[2] Дефиниција кој според мене е неприфатлива поради нејзината претесна констатација за актите кои ги опфаќа семејното насилство и поради постоењето на разните видови на семејно насилство кои сè повеќе се препознаавaат и се регулираат.

Свое видување и дефинирање на семејното насилство се направи и со самата Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство[3], преку која семејното насилство ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко, односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството, односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.[4]

---

[1] Gelles, J. Richard "Family Violence" in "The Handbook of Crime and Punishment", Oxford University Press, 1998.

[2] Груевска - Дракулевски, Александра, „Семејното насилство во Република Македонија", прегледна научна статија, стр. 3.

[3] Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence (Istanbul Convention), Council of Europe,Istanbul,11.V.2011.

[4] Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство, Истанбул, 11.V.2011, https://rm.coe.int/168046253a, член 3-Дефиниции (пристапено на 25.02.2022).

Простудирајќи ја оваа дефиниција можам да заклучам дека истата е повеќе ориентирана кон жените жртви на насилство во рамките на семејството.

Што се однесува до нашето право и регулацијата на семејното насилство во истото овој поим е дефиниран низ повеќе закони. Како најзначајни би ги издвоила Кривичниот законик, потоа, Законот за семејство и релативно новиот закон Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и домашното насилство.

Според овој закон „Семејно насилство“ е малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.[5]

## 2. Видови на семејно насилство врз жената

Жените во нашето општество се жртви на сите видови на семејно насилство. Согласно со истражувањата жените трпат физичко, психолошко, но и сексуално, па и економско насилство во рамките на семејството.

Што се однесува до самото дефинирање на физичкото насилство за нашето право најправилно би било да ја фаворизирам дефиницијата која е дадена во релативно новиот Закон за спречување и заштита на насилство врз жените и семејното насилство која го дефинира физичкото насилство како секое дејствие на примена на физичка сила или дејствие со кое се нарушува здравјето и телесниот и психичкиот интегритет на жртвата.[6]

Физичкото насилство во практиката уште е наречено и телесно насилство поради фактот што во прв ред создава физички повреди и е повеќе очигледно за разлика од другите видови на насилство. Се врши на најразлични начини и се манифестира низ мноштво форми. Така, тука како најчести форми на вршење насилство можеме да ги потенцираме удирање, боксирање, удирање на шлаканици, грубо потегнување, влечење за косата, фрлање на предмети по лицето, употреба на оружје, давење, присилба жртвата да стори нешто и слично.

Физичкото насилство претставува најеклатантен пример на насилство што се врши врз жените кое за разлика од психичкото и сексуалното насилство, најчесто е видливо и забележливо за другите луѓе.

Исто како и за физичкото насилство дефиниција за психичкото насилство наоѓаме во Законот за спречување и заштита на насилство врз жените и семејното насилство според кој психичко насилство е секое однесување со употреба на присилба, заплашување или закана, кое предизвикува чувство на страв, загрозеност, вознемиреност или повреда на достоинството и психичкиот интегритет на жртвата. За разлика од физичкото насилство каде што може да се забележат конкретни траги од насилство, кај психичкото насилство трагите од истото најчесто не се видливи. Сите претходно наведени дејствија значат исполнување на битието на психичкото насилство во рамките на семејството.

Сексуалното насилство најчесто се манифестира со присилување на сексуален однос, обид за присила или друг вид на сексуална активност, сексуално вознемирување, како „дофрлање“

[5] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.1.2021 година), член 3.

[6] Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.1.2021 година), член 3, точка 14.

или било кој облик на сексуална активност (на пр. допирање, милување, љубење) против волјата на другата личност, присилување на секс, силување) и сл.

Сексуалното насилство, најчесто е комплементарно на физичкото насилство и како такви, често се случуваат и истовремено.

Сексуалното насилство е едно од најсекојдневните форми на насилство во Македонија, но во исто време и едно од најмалку пријавуваните. Причините за непријавување се најразлични, започнувајќи од конзервативноста и патријархалноста на општеството, каде женската сексуалност се смета за неморална, а во исто време на телото на жената се гледа како на сексуален објект во сопственост на мажите, до непрепознавање на различните форми на сексуално насилство и недоволниот број законски одредби со кои се санкционираат различните форми на сексуално насилство.[7]

Економското насилство е форма на насилство со која се ограничува и спречува располагањето со личните финансиски средства, за која и да е намена, при што се создава делумна или целосна економска зависност на жртвата. Ова насилство е всушност форма на интимно партнерско и домашно (семејно) насилство.[8]

Економското насилство денес е сѐ почесто застапено поради тоа што лицата, а посебно жените, не се доволно свесни дека се жртви на овој вид на семејно насилство, па така живеат на овој начин со години, сѐ додека не сфатат дека се финансиски и економски злоупотребени најчесто од страна на нивните партнери.[9]

## 3. Причина за појава на насилство врз жените

Во продолжение за објаснување на причините за појава на насилството врз жените во оваа публикација ќе се водиме од податоците добиени од истражувањето за семејно насилство Живот во сенка.

Иако насилството врз жените во никој случај не може да се оправда – било да е реакција на одреден настан или последица на присуство на одредени околности, сепак, за подобро разбирање на појавата, од испитаничките било побарано да го идентификуваат настанот, кој вообичено, претходел на насилството.[10]

Како најчеста причина за насилството врз жените, според нивните искази, е присутен алкохолизмот. Речиси секоја трета жена која изјавила дека трпи насилство, потенцирала дека на насилството му претходело пијанство на насилникот. Како втора по зачестеност причина за насилство, жените ја наведуваат љубомората на партнерот, а речиси исто толку ги посочуваат и проблемите со парите, како причина што претходела на насилството.

Интересно е дека, дури 11,3% од жените што пријавиле насилство не можеле да идентификуваат причина што претходела на насилството, односно навеле дека немало причина за насилството. Ова се чини како најсериозна ситуација за жените, бидејќи не може да ја препознаат ситуацијата после која следи насилството и на таков начин, барем малку да се заштитат од него. Како причина за насилство во семејството се идентификувани проблеми со семејствата на сопрузите, што беше посочено од 10,1% од испитаничките.

---

[7] Електронски портал- Женски магазин, „Потреба од унапредување на законската рамка за родово базирано насилство", https://zenskimagazin.mk/%D0%BF%D0%BE%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%B1%D0%B0-%D0%BE%D0%B4- (пристапено на ден 20.06.2022г.).

[8] Интернет страна на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство (пристапено на 18.04.2022).

[9] https://woodbridgedvrt.org/pages/fiveforms.html (пристапено на 18.04.2022).

[10] Преземено од https://semejnonasilstvo.org.mk/shto-e-semejno-nasilstvo/, (пристапено на 18.04.2022).

Табела 1. Причини за насилство врз жените

| Причина | % |
|---|---|
| 1. Пијан | 28.9 |
| 2. Проблеми со пари | 15,6 |
| 3. Проблеми на работа | 3,1 |
| 4. Невработен | 1,6 |
| 5. Нема храна дома | 3,1 |
| 6.Проблеми со семејствата на сопрузите | 10,1 |
| 7. Љубомора | 16,8 |
| 8. Одвивање на сексуален однос | 3,9 |
| 9. Непослушност | 3,5 |
| 10.Друго | 1,9 |
| 11.Без причини | 11,3 |
| Вкупно | 100.0 |

[11]

Учеството на алкохолот во насилството е несомнено. Сепак, јас стојам на ставот дека алкохолот придонесува за насилството во бракот, но не може да се смета за негова основна причина, бидејќи во прашање е сложена и комплексна појава повеќе факторски детерминирана.

[11] Податоците се преземени од Истражувањето за семејно насилство, Живот во сенка.

## 4. Последици од семејното насилство врз жената

Во овој дел исто така ќе се користам со резултатите добиени од истражувањето за жените жртви на семејно насилство од здружението Живот во сенка.

Во поглед на физичкото насилство и последиците кои тоа ги остава испитаничките најчесто како последица ги дале следниве појави и проблеми: повреди на лице, повреди на градниот кош, градите и абдоменот, односно деловите од телото покриени со облека, крвни подливи и гребаници на телото, фрактури од удар, изгореници од различен степен, повреди од нож или други повреди, како и внатрешни повреди (крварење). Потоа, видливи знаци на давење на вратот (прсти, жица, колан, пешкир), заби извадени со удар, повреди на ушното тапанче и повреди на гениталиите.[12]

Во 40% од случаите, сексуално злоставуваните жени страдале од повреди како што се: Гребаници и контузија на градниот кош, на носот и на лицето. Вагинални и перинални повреди. Потоа сексуално преносливи болести како што се кламидија и гонореа. Кај околу 5% од жените, сексуалната злоупотреба резултирала со несакана бременост.

Насилството може да доведе и до бројни психолошки последици. Следниве знаци исто така можат да укажат на злоставување како што било забележено и кај испитаничките жртви на семејно насилство и тоа напнатост, нервоза, чувство на слабост, потоа страв (за себе, нејзиниот живот, животот на луѓето кои таа ги сака). Чувство на срам, чувство на вина запоставување на себеси, губење на самопочитта. Разни невротични реакции (депресија, нервоза, напади на паника), пореметување на спиењето (несоница, кошмари). Пореметување во исхраната (анорексија, булимија, лоша исхранетост, дехидратација). Злоупотреба на алкохол и дроги, проблеми со концентрација, дезориентираност, расеаност. Недостаток на толеранција и трпение. Агресивно однесување кон себе и кон другите, дури и до обиди за самоубиство и сексуални проблеми (сексуално однесување обележано со присилба, подолг период на немање желба за сексуални односи).[13]

Покрај акутните повреди, кај жени подложени на насилство има повисока стапка на застапеност на хронични здравствени проблеми. Се јавуваат следниве соматски симптоми: несоница, замор, гастроинтестинални пореметувања, предменструални симптоми, болка во мускулите, анемија, чести мигрени и главоболка како и немање контрола на мокрењето.

## 5. Ковид-19 и семејното насилство

Доказите сугерираат дека, откако балканските држави воведоа строги ограничувања на движењето, како дел од борбата против Ковид-19, стапката на семејно насилство е зголемена.[14]

Во Република Северна Македонија, Владата прогласи вонредна состојба на 18 март 2020 година за целата земја со цел да се спречи ширењето на КОВИД-19. За време на вонредната состојба, Владата на Р. Северна Македонија одржа 70 седници на кои беа донесени нови одлуки и мерки за справување со пандемијата.[15]

---

[12] Преземено од https://semejnonasilstvo.org.mk/shto-e-semejno-nasilstvo/ (пристапено на 18.04.2022).

[13] Види повеќе на https://semejnonasilstvo.org.mk/shto-e-semejno-nasilstvo/, „Последици од семејно насилство", 2010 г.

[14] Balkan Insight- https://balkaninsight.com/mk/2020/04/21/%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%B4-19-%D0%B8-%D1%81%D0%B5%D0% (пристапено на ден 14.7.2022г.).

[15] Влада на Р. Северна Македонија, https://koronavirus.gov.mk/merki

Донесените мерки имаат за цел да ја ублажат здравствената, социјалната и економската криза, која може да се продлабочи како последица на вонредната состојба. Сепак, особено ранлива категорија која беше целосно исклучена од мерките и препораките беа жртвите на семејно насилство, т.е. жени и деца кои се под зголемен ризик од семејно насилство. Во првиот месец на вонредна состојба (март 2020), не се забележа зголемување на пријавувањето на инциденти во семејно насилство. Поради физичкото присуство на сторителите, жените не беа во можност да се јават во линиите за помош и поддршка или да го пријават насилството. Многу жени се плашеа да побараат здравствена заштита и медицинска помош поради ризик од инфекција со КОВИД-19. Многу жени не сакаат да ја напуштат насилната средина и да бидат сместени во центри за жртви на семејно насилство и засолништа поради страв од инфекција со КОВИД-19. Жените се плашеа да го пријават насилството и да го напуштат домот поради страв од губење на работното место (доколку се вработени) по престанокот на владините мерки или ако се невработени, постои страв од ниски можности за вработување и постигнување економска независност по крајот на вонредната состојба поради очекуваната економска криза.[16]

Ивана Стоименовска, психолог и семеен советник од Република Северна Македонија, нагласува дека присилната изолација значително го зголемила ризикот од семејно насилство.

„Сите оние кои живеат во дисфункционални семејства, во овие времиња на самоизолација, се изложени на поголем ризик од насилство, затоа што дополнителниот стрес, фрустрацијата и напнатоста што ја носи изолацијата, можат да ги охрабрат дисфункционалните однесувања меѓу членовите на семејството или на насилните партнери“, вели Стоименовска за БИРН. „Значи, насилното лице може да стане уште понасилно“, додава таа.

Согласно со ова бројките укажуваат на зголемување на случаите на семејно насилство**.** Во време на пандемија. Ковидот и карантините зголемија од секоја 3-та на секоја 2-ра жена да стане жртва на семејно насилство на светско ниво но и кај нас.

[16] Справување со насилство врз жените и семејно насилство во Западен Балкан за време и по здравствената криза со КОВИД-19, Препораки до Влади, донатори и граѓански организации.

## 6. Статистички податоци за жени жртви на семејно насилство

**Графикон 1.** Жени жртви на семејно насилство




## ЗАКЛУЧОК

Семејното насилство врз жените претставува чин на насилство кое го извршува одреден член на семејството. Во најголемиот број од случаите како сторител се јавува мажот. Најчестите жртви на семејно насилство се жени на возраст од 18 до 40 години.

Според истражувачките резултати добиени од Националната стратегија за спречување и заштита од семејно насилство машките членови на домаќинствата во поголем процент се сторители на семејно насилство отколку женските членови. Меѓутоа, битно да се напомене е дека не секогаш се работи за физичко насилство врз жената. Сè позастапени се случаите каде што жените се изложени на психичко и вербално насилство. Посебно загрижувачки е фактот дека насилството најчесто е вршено од страна на нивните партнери, и истото во голем број случаи е непријавено, па така се смета дека бројот на жени кои се жртви на семејно насилство е многу поголем од она што покажуваат статистиките. Во речиси 90 проценти од сите пријавени случаи на семејно насилство жртвите биле жени, соопшти на Меѓународниот ден за борба против насилството на жените, Хелсиншкиот комитет.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Balkan Insight- https://balkaninsight.com/mk/2020/04/21/%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B8%D0%B4-19-%D0%B8-%D1%81%D0%B5%D0%

Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence (Istanbul Convention), Council of Europe,Istanbul,11.V.2011.

Gelles, J. Richard “Family Violence” in “The Handbook of Crime and Punishment”, Oxford University Press, 1998.

https://semejnonasilstvo.org.mk/shto-e-semejno-nasilstvo/

Груевска-Дракулевски, Александра, „Семејното насилство во Република Македонија”, прегледна научна статија.

Електронски портал- Женски магазин, „Потреба од унапредување на законската рамка за родово базирано насилство”. https://zenskimagazin.mk/%D0%BF%D0%BE%D1%82%D1%80%D0%B5%D0%B1%D0%B0-%D0%BE%D0%B4-

Закон за семејство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/1992 . 9/1996 . 38/2004. 33/2006. 84/2008. 67/2010. 156/2010. 39/2012 и 44/2012).

Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство (Службен весник на РСМ, бр. 24 од 29.1.2021 година).

Кривичен законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008; 114/2009; 51/2011; 135/2011; 185/2011; 142/2012; 166/2012; 55/2013 и 82/2013), член 122, став 1, точка 21.